# Е-БИЛТЕН

## ИНФОРМИРАЈ СЕ!

КВАРТАЛЕН Е-БИЛТЕН НА ОЖОСВН
02/2021

### ШТО Е НОВО?

-РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТА НА ТЕМА „РОДОВА ЕДНАКВОСТ“

-ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ НА РАЗЛИЧНИ ТЕМИ ЗА ЖЕНИТЕ ОД ГРУПАТА ЗА САМОПОМОШ

-ЛОКАЛНА ДИСКУСИЈА НА ТЕМА „МЛАДИНСКО ВРАБОТУВАЊЕ“

-ТРИДНЕВНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ИЗРАБОТКА НА АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СТРАТЕШКИ ПЛАН 2020-2024

-НОВА ОНЛАЈН-КАМПАЊА: ЗАПОЗНАЈ ЈА ВИКТОРИ!

-ОДРЖАНА ИНФО-СРЕДБА СО ПРЕТСТАВНИЦИ ОД РЕЛЕВАНТНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ПРОЕКТОТ „НЕ СИ САМ/А“

+МНОГУ ПОВЕЌЕ!



## ГОЛЕМИ МИСЛИ ЗА УШТЕ ПОГОЛЕМИ ПРОМЕНИ

**„Родово-еднакво општество би било она општество во кое зборот „род“ не постои, во кое секој би можел да биде она што е.“**
*- Глорија Стејнем-*

**„Животот не претставува натпревар помеѓу мажите и жените. Тој е соработка.“**
*-Дејвид А. Феархед-*

**„Феминист/ка: личност која што верува во социјална, политичка и економска еднаквост помеѓу мажите и жените.“**
*-Чимаманда Нгози Адичи-*









**ОЖОСВН започна со нова онлајн-кампања.**
**Затоа, беше креиран виртуелниот лик Виктори која, како активистка во организацијата, ќе биде онаа што ќе нуди информации на различни теми: родова еднаквост, човекови права, женски права и слично...**
**Виктори е активна на сите онлајн-платформи на ОЖОСВН, а исто така, беше промовиран и нејзиниот личен блог:**
**www.viktoriozosvn.weebly.com**

**Онлајн-кампањата има цел да ја подигне свеста на девојките и младите жени и да го подобри нивното знаење и разбирање за женските човекови права и родовата еднаквост.**

# ИНФО-СРЕДБА

На 28.05.2021 г. со почеток од 11:30 ч. се одржа информативна средба со претставници и претставнички од релевантни локални институции при Општина Свети Николе, со цел запознавање со проектот „Не си сам/а – Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка“ и услугите кои ОЖОСВН ги нуди во рамки на овој проект.
За самиот проект, како и тоа што овозможува Законот за бесплатна правна помош, што обезбедува Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка и како потенцијалните корисници можат да допрат до неа и да ја искористат бесплатната помош, доколку им е потребна, говореа ангажираните лица во самата канцеларија: Игор Гавевски - адвокат, Даниела Панева-правничка и Ружица Сотировска - психолог.

*Овој настан е дел од проектот „Не си сам/а – канцеларија за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка. Проектот е регрантиран од Коалиција Маргини и Фондација Kvinna till Kvinna, а финансиран од Европската Унија.*

# НОВИТЕТИ ОД ОЖОСВН

## АНАЛИЗА

на досегашни одговори од анкетата на тема „Родова еднаквост“ спроведена на Facebook од страна на ОЖОСВН

ВЕ ПРАШАВМЕ:
„ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА НАШЕТО ОПШТЕСТВО ПРУЖА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ ЗА СИТЕ ГРАЃАНИ И ГРАЃАНКИ?"

А ДОСЕГА ДОБИВМЕ:

| ДА | НЕ | НЕ ЗНАМ |
|---|---|---|
| 0% | 100% | 0% |
| *0 ОДГОВОРИ* | 23 ОДГОВОРИ | *0 ОДГОВОРИ* |

### ДЕЛ ОД ДОБИЕНИТЕ КОМЕНТАРИ

...Ако не си партиски определен/а си никој и ништо...

...Самохраните родители немаат никакви бенефиции од државата...

...Постои деградирање поради социјалниот статус, национална припадност, партиска книшка...

...Нема еднаков пристап за сите...

...Граѓанките не ги сфаќаат како сериозен фактор во општеството...

...Не уживаме подеднакво во правата и не ги сносиме еднакво одговорностите...

...Се забележува родова и класна дискриминација во сите сегменти на општеството...

...Политиката, непотизмот и корупцијата се навлезени насекаде...

...Поради длабока патријархална структура...

ВЕ ПРАШАВМЕ:
„ДАЛИ СМЕТАТЕ ДЕКА ЖИВЕЕМЕ ВО РОДОВО-ЕДНАКВО ОПШТЕСТВО?"

А ДОСЕГА ДОБИВМЕ:

| ДА | НЕ | НЕ ЗНАМ |
|---|---|---|
| 19.1% | 66.7% | 14.3% |
| *4 ОДГОВОРИ* | 14 ОДГОВОРИ | 3 ОДГОВОРИ |

### ДЕЛ ОД ДОБИЕНИТЕ КОМЕНТАРИ

...За жал, мажите се' уште се побарани од жените, за некои позиции...

...Нееднаква поделба и вреднување на трудот, недоволно жени на раководни и одлучувачки позиции, неинформираност на жените, невклученост во донесување на одлуки и креирање политики...

...Се' уште делиме професии на „машки“ и „женски“...

...Нема иста плата за исто работно место...

...Далеку сме од родова еднаквост...

...Постојат бариери кога станува збор за полот...

...Мажите се попривилегирани во секој поглед...

... И двата пола имаат можност да напредуваат во повеќето професии...

## ОДРЖАНА ТРИБИНА

На 24 јуни се одржа трибина на тема „Женската солидарност: реалност и предизвици“. Присутните, покрај тоа што се запознаа со историјатот на женското движење, развија и дискусија во насока на актуелните стереотипи во општеството.

Во овој квартален период, жените од групата за самопомош на жени заболени и лекувани од малигни заболувања имаа можност да присуствуваат
на повеќе едукативни работилници, дел од проектот
*„Заедно во борба против ракот на дојка-2“*, финансиран од Општина Свети Николе.
Листа на одржани настани:

- 11.05.2021 - „Вакцини против Ковид-19“ *(работилница)*;

-24.05.2021 - „Психичкото влијание за време на Ковид-19“ *(работилница)*;

-04.06.2021-„Вежби за корекција и превенција по потреба“ *(активност)*;

-22.06.2021- „Одржување на менталното здравје после Ковид-19“ *(работилница)*.

## Одржана тридневна работилница

Работилницата, предводена од Марија Нашоку, експертка за мониторинг и евалуација, се одржа од 12 до 14 мај 2021 година во Дојран и на истата присуствуваа 11 учесници од извршните и управни структури на ОЖОСВН и активни членови и волонтери. Тие заеднички и во групи работеа на развивање на Акцискиот (Оперативен) план за Стратешкиот план на организацијата за период 2020 – 2024.

За секоја програма одделно: здравствена програма, програма за деца и млади и програма за човекови права, се креираа соодветни активности кои во наредниот тригодишен период ќе бидат водич во исполнување на целите и насоките од Стратешкиот план на ОЖОСВН.

***Оваа активност е дел од проектот „Јаки жени ја јакнат заедницата 2“ финансиски поддржан од Фондација Kvinna Till Kvinna, Шведска***




## ЛОКАЛНА ДИСКУСИЈА

На 19.05.2021 г. со почеток од 14:00 часот се одржа локална дискусија на тема „Подобрување на активните мерки за младинско вработување“. Организатор на настанот е ОЖОСВН во соработка со Коалиција СЕГА, и е еден од останатите десет кои се одржаа во текот на почетокот на месец мај во уште десет други општини од нашата држава. Беа присутни млади од 18 до 29 години како директна таргет-група и претставници од релевантни институции од Општината.

Цел на дискусиите е да се приберат мислењата и ставовите на младите и претставниците на релевантните институции во однос на ефективноста на мерките за вработување како и потребата за унапредување на истите, со што ќе се обезбеди инпут за националната работилница што ќе се одржи во периодот од јуни-јули 2021 година.

Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка беше промовирана во селата: Горобинци, Мустафино и Ерџелија - Општина Свети Николе. Проектниот и професионален тим на организацијата делеше информативни флаери и директно ги запознаваше луѓето со целта на овој проект, како и за услугите кои се достапни за нив. Со цел поголема информираност на луѓето, беа поставени инфо-плакати на видни места во релевантни локални институции и фреквенттни места низ Свети Николе.

Ружица Сотировска, психолог при Канцеларијата за бесплатна правна помош и психо-социјална поддршка во склоп на ОЖОСВН, редовно пишува текстови кои имаат за цел да ја доближат психо-социјалната помош до луѓето и да ги скршат стереотипите за барање на стручна психолошка помош, кога е потребна.
Истите можете да ги прочитате на нашата официјална веб-страница.

## ГОДИШНО СОБРАНИЕ

На 02.06.2021 г. во 18.00 часот, во амфитеатарот при ООУ „Кирил и Методиј“ се одржа редовно Годишно Собрание на ОЖО Свети Николе.

Делегатите на Собранието беа информирани за тековните активности на здружението и новините за регистрација на канцеларијата за давање услуги за бесплатна правна и психо-социјална помош и поддршка на маргинализирани групи од Општина Свети Николе и Вардарскиот плански регион.

**Информирајте се повеќе и контактирајте нè на:**

facebook.com/womsvetinikole

@OWMSvN

@ozo_svnikole

www.womsvetinikole.org.mk

www.viktoriozosvn.weebly.com

ул. „Ленинова“ 1-1/4
2220, Свети Николе

032/444-620